Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 19.03.2021

На 18.03.2021 во 14.00 часот во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода Џ.М.(24) од Кичево затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени и одземени прашката материја и марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.03.2021 во 14.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк ги лишиле од слобода Д.А.(33) и В.А.(32), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.03.2021 во 19.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош извршиле преглед кај Е.С.(21) од Скопје и пронашле нож. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.03.2021 во 20.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош извршиле преглед кај 17 - годишник од Скопје и пронашле нож. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.03.2021 околу 14.00 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека покрај кејот на реката Луда Мара, 38 – годишен граѓанин пронашол неексплодирана граната. Пиротехничар од Дирекција за заштита и спасување Кавадарци утврдил дека се работи за неексплодирана артилериска граната (кал.75 мм) од Првата светска војна, која била подигната за понатамошна постапка.

На 18.03.2021 во периодот од 09.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Велес спроведена е акциска контрола на возила и возачи, при што се констатирани 21 прекршок.

На 18.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип на автопатот Штип – Миладиновци (од клучка Три Чешми до клучка Преод) спроведе контрола на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле откриени 8 возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 18.03.2021 во периодот од 09.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возила и возачи. Притоа преземени биле вкупно 40 мерки меѓу кои 11 за технички неисправни возила, пет за управување возило без положен возачки испит... На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 18.03.2021 во периодот од 09.00 до 13.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола за техничка исправност на возилата, но и други прекршоци што ги чинат возачите во сообраќајот. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 16 технички неисправни возила (ТЕ-14 и ГВ-2). Сите биле со неисправни сопирачки, а санкционирано е и едно возило со истечена регистрација, по што веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се соодветни поднесоци. Во вчерашната контрола, исто така, биле исклучени и пет возачи (ТЕ-3 и ГВ-2) кои не поседувале возачки дозволи и ги управувале возилата без положен возачки испит. Санкционирани се и 39 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-33 и ГВ-6).

На 18.03.2021 околу 15.00 часот во тетовското село Варвара, во месноста „Ѓинов камен", полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Б.Н.(52) од тетовско Слатино, кој со возило „лада самара" со скопски регистарски ознаки превезувал огревни дрва без потребните документи. Извршен е увид, а времено му биле одземени возилото, дрвата и моторна пила и предадени и се на Шумска полиција за натамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2021 во 15.00 часот на Граничниот премин „Табановце" бил приведен Д.Б.(31) од Република Албанија бидејќи при пасошка контрола на увид приложил патна исправа на име од Д.Л.(37) од Р.Албанија. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (18.03.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 178 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 53 санкции, 5 за возење без возачка дозвола, 9 за технички неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се 12 санкции за користење мобилен телефон, пет санкции за некористење сигурносен појас, две за минување на црвено светло и 58 за непрописно паркирани возила.

На 18.03.2021 во 19.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека на регионалниот пат Струга –Дебар, кај с.Велешта, патничко моторно возило „фолксваген голф" со струшки регистарски ознаки, управувано од Б.Н.(36) од с.Велешта, удрило во пешакот К.Т.(49) од с.Подгорци-струшко. К.Т. починал на пат за Општата болница Струга. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 18.03.2021 во 13.38 часот во СВР Велес било пријавено дека на железничкиот патен премин Велес-Згрополци-Велес се случила железничка незгода помеѓу товарен воз, кој сообраќал на релација Згрополци-Велес и патничко моторно возило „фолксваген туран" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.З.(55) од с.Кадино, скопско. Во незгодата нема повредени лица. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Велес.

На 18.03.2021 во 07.45 часот во Полициската станица Центар, Ј.Ј.(67) од Скопје пријавил дека во близина на Камениот мост бил каснат од куче скитник.

На 18.03.2021 во 17.20 часот во близина на железничката станица во Криволак, полициски службеници од СВР Велес и ЕБР пронашле 13 лица – мигранти, сите од Пакистан. Мигрантите биле предадени во Прифатниот центар „Виојуг" во Гевгелија и се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Р.(21) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При контрола на патничко возило „фолксваген пасат", извршена на 18.02.2020 кај пријавениот, кој бил сопатник во возилото, била пронајдена и одземена марихуана.

При сообраќајни контроли извршени на 18.03.2021 во периодот од 09.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници на вонреден технички преглед упатиле 35 моторни возила (Охрид-01, Струга-18, Кичево—05, Дебар-11). Притоа, кај четири моторни возила од Струга биле констатирани технички неисправни уреди за кочење и управување. Тие се исклучени од сообраќај, а возачите ќе бидат соодветно санкционирани.

На 18.03.2021 во 14.20 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „8 Септември" било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди била донесена Х.Ф.(32) од с.Бојане, скопско. Како што пријавил нејзиниот татко С.Ф.(68), таа паднала од скала. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Р.(43) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности " и „бесправно градење". Во текот на 2020 година, на Попова Шапка, на место викано „Јелак", пријавениот во својство на инвеститор без да поседува соодветна документација изградил викенд куќа на државно земјиште. На 11.01.2021, овластени службени лица од Попова Шапка на наведеното место забележале градежни работници како изведуваат градежни работи. Истиот ден, увидна екипа при СВР Тетово извршила увид на местото на настан за што била изготвена документација.

Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје поднесе кривични пријави против шест лица, државјани на Република Северна Македонија, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидимија". Пријавените, на 12, 13 и 14.03.2021 на Граничен премин Меѓународен аеродром - Скопје приложиле фалсификуван негативен ПЦР тест.